Координативното тело за спроведување на јавна пропаганда за референдумот, во согласност со членот 12 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, Правилникот на Државната изборна комисија за подготовка, организирање и спроведување на референдум на државно ниво на 30 септември 2018 година и Роковникот на Државната изборна комисија за извршување на дејствијата за спроведување на Референдум на државно ниво, на 5 септември 2018 година, донесе

ПРАВИЛА
ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ВО ВРСКА СО ВОДЕЊЕ ЈАВНА ПРОПАГАНДА ЗА РЕФЕРЕНДУМОТ ШТО ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА 30 СЕПТЕМВРИ 2018 ГОДИНА

1. Јавната пропаганда ќе се води преку медиумско претставување на националните и локалните радиодифузери (телевизија и радио).

Изборот на радиодифузерите координативното тело ќе ги врши врз основа на

- степенот на гледаност на радиодифузерите, досегот на зрачење на радиостаниците и уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици.
- ценовниците и условите за платена пропаганда за референдумот доставени од страна на радиодифузерите до Државната изборна комисија, кои согласно Правилникот на Државната изборна комисија за подготовка, организирање и спроведување на референдум на државно ниво на 30 септември 2018 година не смеат да се менуваат во текот на референдумот.

2. Врз основа на Одлуката на координативното тело за избор на радиодифузери, договорите со радиодифузерите за набавка на услуги ги склучува претседателот на Собранието.

3. Координативното тело утврдува општ медиа план за јавна пропаганда, со определување на времетраењето на медиумското преставување согласно со пропорционалната застапеност на пратениците во Собранието кои се изјасниле за учество во јавната пропаганда.

Врз основа на општиот медиа планот се изготвува дневен медиа план за јавна пропаганда.

Дневниот медиа план за јавна пропаганда се подготвува врз основа на потпишано писмено известување од координаторите на пратеничките групи и пратениците кои не се организирани во пратенички групи кои го доставуваат до претседателот на Собранието, а во кој се наведува медиумот, терминот, времетраењето на претставувањето и материјалот кој треба да се емитува (рекламни спотови, соопштенија, огласи, музички спотови што функционираат како химни на заинтересираните страни во референдумот, снимки од митинзи, средби и други настапи на заинтересираните страни што се емитуваат за паричен надоместок).

Писменото известување заедно со материјалите од ставот 3 на оваа точка, до претседателот на Собранието се доставуваат најдоцна до 10 часот, во денот за нивното емитување.

Дневниот медиа план за јавно преставување од ставот 3 на оваа точка, потпишан од членовите на координативното тело, претседателот на Собранието го доставува до соодветните радиодифузери најдоцна до 13 часот на денот на емитувањето.

Реализацијата на дневниот медиа план ја следат административните службеници одговорни за информирање и односи со јавноста во Кабинетот на претседателот на Собранието.

4. Финансирањето на јавната пропаганда ќе се врши од средствата на Собранието на Република Македонија од потставка 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) кои согласно Одлука на Влада на Република Македонија бр. 44-8096/1 од 22.08.2018 година се одобрени како право на трошење од резервите на Буџетот на Република Македонија.

Собранието на Република Македонија како овластен предлагач на референдумот, во рамките на Трезорската сметка да отвори денарска сметка од типот 789 посебна наменска со назив “Собрание на Република Македонија-Јавна пропаганда за референдум”.

Во корист на посебната наменска сметка ќе се трансферираат средства од буџетската сметка на Собранието од потставката 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) за исплата на обврски за испорачани услуги на медиумите кои Собранието како овластен предлагач ќе ги порача.

По завршувањето на јавната пропаганда за референдум и по извршена исплата на сите обврски, Собранието на Република Македонија да ја затвори посебната наменска сметката, а за неискористените средства одобрени како право на трошење од резервите на Буџетот на Република Македонија согласно Одлуката на Влада на Република Македонија бр. 44-8096/1 од 22.08.2018 година на сметката 020010004363716-Собрание на Република Македонија да ги извести Министреството за финансии и Владата на Република Македонија.

5. Веднаш а најдоцна во рок од 30 дена од завршување на јавната пропаганда Собранието да поднесе финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходи и расходи согласно со закон. Финансискиот извештај да се објави на веб страната на Собранието на Република Македонија.

Финансискиот извештај пред поднесување до надлежните институции и пред негово објавување ќе биде разгледан и усвоен од страна на координативното тело за спроведување на јавна пропаганда.

Бр. 09-4989/3

05 септември 2018 година

Скопје